# WIRAX

# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**Тракторска косачка**

**1,35; 1,65**



## 1. ПРЕДУПРЕДУВАЊА

Најважно при приклучување на косачката со тракторот е карданот да биде со прописна големина.

## 2. ОПИС НА МАШИНАТА

Косачките Wirax претставуваат машини кои имаат широка примена во земјоделието. Служат за откосување на трева,луцерка,фуражен грашок и останати култури. Косачката е наменета за реализирање на првата фаза во процесто на производство на сува храна за исхрана на добиток.

Стандардно прикачување на косачката е од задната страна, при што истата може да се сретне во две позици.

Првата позиција е позиција при транспорт и се поставува по должина на тракторот.

Втората позиција е работна и истата се поместува странично во Г позиција.

Во тешки услови на работа се користат чекани но има можност и за монтирање на ножеви кои се користат за полесни услови за работа.

Прикачувањето е како и сите приклучоци во три точки категорија I и II.
Стандардната опрема вклучува: 2 работни тела, 6 ножеви, кардан.

## 3. ТРАНСПОРТ НА КОСАЧКАТА

ОПАСНОСТ:
Доколку се преносува преку јавни патишта обезбедете ја за безбеден транспорт, и следетеги правилата поставени на патот. Косачката мора да биде подигната најмалку 50 цм. од земја.

Доколку се пренесува со камион или со воз потребно е да се проучат техничките спецификации.

## 4. ОПЕРАЦИИ ПРЕД УПОТРЕБА НА МАШИНАТА

Прикачувањето на косачката на трактор може да биде многу опасно, затоа постапете на следниот начин:

- Користете трактор чија конфигурација може да ги задоволи потребите на косачката
- Уверете се да нема во блозина предмети, луге и животни и проверете дали е погонското вратило исклучено од тракторот.

- Проверете дали е карданот во хоризунтална положба и во стабилна позиција.
- Поставете го тракторот под агол од 90° во однос на косачката и со помош на хидраулика спуштете го долу, полугите од тракторот на висина на приклучните точки на косачката и угаснетего тракторот.
- Наместете го карданот во правилна позиција и добро прикачете го за соодветните приклучоци
- Прикачете ги полугите од тракторот за рукавците на косачката.

ВАЖНО:
Редоследот на прикачување за тракторот мора да биде секогаш на ист начин и тоа:

а) лева долна тракторска полуга
б) десна долна тракторска полуга
в) горна тракторска полуга

- Кренете ја косачката со помош на хидрауликата на тракторот 10 до 20 цм.
- Пуштете го тракторот да работи со мал број на обртаи и вклучете го излезното вратило на тракторот.
- Ставете го тракторот во брзина и зголемете го бројот на обртаи на моторот.
- Постепено спуштајте ја косачката додека не ја допре земјата.

ВНИМАНИЕ:
Да не дојди до оштетување на косачката и да не се искршат ножевите треба да се ограничи брзината на движење на тракторот на 8-10 км/ч.

## 5. ОДРЖУВАЊЕ

Редовни одржувања:
- Осигурајте ја косачката од поместување
- Сите операции околу одржување и подмачкување се извршуваат со изваден кардан
- Сервисните операции мора да се повторуваат почесто во услови на работа кои се потешки од вообичаените.

ВНИМАНИЕ:
Пред да убризгате маст потребно е цела површина добро да ја исчистите со крпа да не дојде до мешање на маслото со прашина и кал.

## 6. ЗАМЕНА НА КАИШИ И НОЖЕВИ

Клинестите каиши правилно е стегнати ако е нагибот максимум 10 мм. Како би се спречило прекумерно лизгање.
Сите делови на трансмисијата од редуктор до погонски ременици мораат да бидат ускладени со затегањето на каишите.
Замената на ножевите е битна со цел да се постигне ефективно косење.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:
Потребно е и важно да проверите дали сите каиши се затегнати особено после работа од половина час. При замена на дотраените каиши заменете го цел комплет каиши без обзир на моменталната состојба на еден каиш во однос на друг.

## 7. ПОДМАЧКУВАЊЕ

Многу е важно правилно и навремено да ја подмачкувате машината и тоа сите делови кои при работа се движат еден врз друг. Интервалот на подмачкување не може да се утврди поради различните услови во кои работи мачината.

Потребна е сервисна проверка на машината на секои 8 и 20 часа работа.

## 8. ЧУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА МАШИНАТА

- Доколку не се користи машината подолго време потребно е да се исчистат сите делови кои биле уклучени во работа
- После чистење цела машина треба да се измие со вода.
- Затегнете ги сите завртки и наврткі кои се наоѓаат на косачката
- Исчистете ги сите зарѓани делови и намачкајте ги со заштитна боја
- Подигнете ја косачката на палета или на некое дрвено постоље и чувајте ја под настрешница или во сува просторија.

**УСЛОВИ НА ГАРАНЦИЈА**

-Машината после производството е подложна на стриктни тестови и истата до крајниот купец е испорачана комплетна и исправна

-Гаранцијата започнува да важи од денот на купување на машината

-Гаранцијата покрива предвремена дотрајаност на поедини елементи од машината и фабрички недостатоци/грешки

-Гаранцијата не ги покрива следните елементи:

- Погонски каиши,
- семеринзи и заптивки,
- оштетувања како последица од удар